# ЗАПИСНИК

## од единаесеттата седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

Скопје, 11ј, 2019 г.

# ЗАПИСНИК

Од 11-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС

**Присутни**:

Петре ШИЛЕГОВ (Градоначалник на Град Скопје), Висар ГАНИУ (Градоначалник на Општина Чаир), Ивица ТОШЕВСКИ (Градоначалник на Општина Ранковце), Благој БОЧВАРСКИ (Градоначалник на Општина Штип), Коста ЈАНЕВСКИ (Градоначалник на Општина Струмица), Аце КОЦЕВСКИ (Градоначалник на Општина Велес), Медат КУРТОВСКИ (Градоначалник на Општина Маврово и Ростуше), Саша БОГДАНОВИЌ (Градоначалник на Општина Центар), Сашо ПОЦКОВ (Градоначалник на Општина Гевгелија), Тони БОЈКОВСКИ (Претседател на Совет на Општина Гази Баба)

**Дискусија**:

Управниот одбор го усвои и расправаше по следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Запознавање со постојните состојби, предизвици и барања на ЗЕЛС за подобрување на системот на локалната самоуправа (присуство на Министерот за локална самоуправа г-дин Горан Милевски);
2. Номинирање на претставници од ЗЕЛС во мешовитата работна група задолжена за утврдување на формално- правниот аспект и дефинирање на идните чекори со процесот на децентрализација;
3. Разно

ПРВА ТОЧКА: Запознавање со постојните состојби, предизвици и барања на ЗЕЛС за подобрување на системот на локалната самоуправа (присуство на Министерот за локална самоуправа г-дин Горан Милевски);

На седницата присуствуваше и свое обраќање имаше Министерот за локална самоуправа со оглед на неговиот нов мандат.

Министерот ја подржа иницијатива на ЗЕЛС и Претседателот на Владата за што поскоро отворање на концептот на продолжување на процесот на децентрализација, заради што изрази уверување дека е подготвен да ја предводи работата помеѓу работните групи кои треба да бидат формирани од страна на Владата и од страна на ЗЕЛС: Министерот изрази свое видување и за потребата на промена на начинот на избор но и одговорноста на

Советниците во општинските совети со акцент на моделот за избор на советник од одредено месно подрачје во општината заради повратна спрега кон иницијативите на граѓаните на подрачјето кое тој би го застапувал во советот. Личен впечаток на министерот е дека постои евентуална опасност од отежнување при утврдувањето на чекорите за брз трансфер на надлежностите од страна на администрацијата кај државните органи на управа поради поголемата ригидност и фактот дека тешко се откажуваат од сопствените надлежности, заради што е потребно добро конципиран план за претстојната децентрализација.

Беше истакната желбата за интензивна и тесна соработка во претстојниот период, особено со работната група чии членови ќе ги предложи ЗЕЛС со цел разработка на концептот кој претстои. Министерот укажа дека во тек е постапка на вработување на правници кои треба да ја подржат реформата, односно да работат на дефинирање на одредбите на Законите за кои ќе се утврди дека треба да се променат. Беше укажано и за актуелните состојби со реализација на  проектите за специфичните региони и дека претстои поголем обем на реализација на средствата од ИПА програма, освен со соседна Србија, кога проектот е во застој поради административни проблеми.

Претседателот на ЗЕЛС се заблагодари за поддршката на процесот изразена од страна на министерот и истакна дека за ваква обемна реформа, особено што истата треба да се случи за краток временски период, ќе биде потребно да се отвори дијалог со сите парламентарни политички субјекти за да се обезбеди широка поддршка. Оттука, беше посочено дека процесот мора да биде инклузивен, да ги опфати сите општини и сите политички страни. Со отворениот дијалог ЗЕЛС ќе придонесе и кон подигање на очекувањата и притисокот на јавноста за успешната реформа која претстои.

Државниот секретар, г. Кире Парталов ги информираше присутните дека веќе е формирана работна група за анализа на ефектите од примената на Законот за локалната самоуправа, но со оглед дека станува збор за сосема нов и поинтензивен процес, оваа работна група може да добие нови задолженија и формат на работа. Пред се е потребно да се работи на Законот за локалната самоуправа и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, како системски Закони.

До министерот беше упатено и барање за негова заложба за овозможување право на градоначалникот да ги назначува своите први соработници кои би биле одговорни за одредени сектори.

Градоначалникот на општина Велес истакна дека станува збор за краток рок за дефинирање на реформските цели, обемна работа и историски момент. Проценката е дека е потребна промена на 30 до 50 закони за се да започне на 1 јануари 2020 г. Беше

предложено самата работна група да биде двигател на целиот процес, а дека е потребно да се формираат и подгрупи кои ќе работат на различни прашања, со задачи и рокови за предлози дадени од самата работна група. БЕше предложено прашањата да се поделат во три групи и тоа: 1. Пакет на нови надлежности 2. Пакет реформи во областа на фискалната децентрализација и 3. Реформа во внатрешната организација на локалната самоуправа со цел нејзина поголема ефикасност. Беше укажано на потребата од анализа на законите од регионот, со цел добивање сознанија за тоа како се организирани работите од областа на регионализацијата, надлежностите на регионите, како истите се поврзани со надлежностите на останатите општини во самиот регион итн. Оваа реформа би можела да има реперкусии по малите општини кои не би се согласиле да бидат укинати и покрај нивната нефункционалност, иако во фазата на изготвување на актуелниот Закон за територијална организација било предложено да постојат 61 општина, па како резултат на политички договарања, предлогот бил променет во актуелниот 80 општини плус градот Скопје. Со реформата би се опфатил и самиот територијален опфат на град Скопје, па оттука дали одредени подрачја е реално потребно да бидат дел од градот или не, како и прашањето дали во градот е потребно да има општини или треба да се пристапи кон концептот на дистрикти. Со оглед дека центрите за регионален развој немаат капацитети да преземат определени управно – административни надлежности, поцелисходно е да се пристапи кон реализација на друг концепт - помалите рурални општини да преземат дел од надлежностите, а останатите да бидат опслужувани од страна на соседните урбани општини. На овој начин општините не би биле монотипни, па би постоеле имаме општини со помал број надлежности, и други со сите надлежности. Беше предложено да не се користи терминот децентрализација заради тоа што децентрализацијата е отпочната во 2002 г. туку да се зборува за продолжување на процесот на децентрализација како следна напредна фаза. Стана збор и за надлежностите кои треба да се децентрализираат, како што се одржувањето на јавниот ред и мир, издавање на исправи и дел од надлежностите на сообраќајната полиција (но не како органи кои би му конкурирале на МВР). Во однос на финансирањето на општините, беше побарано да се заземе единствен став и да се упати порака дека ЗЕЛС не прифаќа нови надлежности без соодветни изворни приходи за нивно финансирање. Стана збор и за службите за итна медицинска помош, здравствените домови па и прашањето дали истите треба да поминат на локално ниво. На крај беше побарано да се најде начин како да се ангажира домашната и странската експертска јавност, со цел за краток рок да се изготват потребните анализи и да се утврдат прагматични решенија. Градоначалникот на општина Гевгелија го реафирмираше ставот за потребата да се земе во предвид компаративната предност и различност на секоја општина, а со тоа да не се оди со еден воедначен модел за целата држава. Секоја област може да се уреди на таков начин за да ги одразува спецификите во дадената област. Така,

областите кои можат да донесат поголем прилив на средства за општината да бидат соодветно овозможени со Закон.

Градоначалникот на општина Штип истакна дека е евидентен застојот во процесот на децентрализација во последните десет години, но дека од клучно значење се финансиските средства кои мора да бидат обезбедени како изворни приходи за општините. Особен акцент мора да се стави на постапката трошоците за донесување на урбанистичко – планската документација која единствено генерира приходи и развој. Беше укажано и дека треба да се инсистира да се зачува самостојноста на општините како самостојни надлежни институции, особено со примерот кога Министерството за труд и социјала за реализација на свои надлежности преку отворање на нови установи, бараат општината да вработи лица и истите да бидат на товар на буџетот на општината. Беше истакнато дека е слична и тешка и состојбата со противпожарните единици за кои само за дел од пожарникарите се обезбедуваат средства за плати, додека за останатите се обезбедуваат од буџетот на општината. На крај беше отворено и прашањето за ослободување од комуналии за изградба на ветерници за кое Владата има донесено препорака истото да биде спроведено од страна на општината, кога загубата на приливот на средства во буџетот по овој основ ќе се одрази на општинскиот буџет.

Градоначалникот на општина Ранковце истакна негодување во однос на дискусиите за намалување на бројот на општини, одземање на надлежностите кои тие ги имаат и занемарување на потребата и успешноста во решавањето на локалните проблеми кога група населени места се организирани во своја општина. Беше укажано дека не смеат да се занемарат и позитивните искуства на малите општини, затоа што со нивно укинување дополнително ќе се опустошат руралните средини.

ВТОРА ТОЧКА: Номинирање на претставници од ЗЕЛС во мешовитата работна група задолжена за утврдување на формално- правниот аспект и дефинирање на идните чекори со процесот на децентрализација;

Со оглед на претходно усогласените заложби на Владата и ЗЕЛС потребно е да се формира работна група која ќе го координира процесот на реализација на следната фаза од децентрализација во државата. Беше истакнато дека овој процес ќе го водат заедно Министерство и ЗЕЛС но дека сукцесивно ќе биде ангажиран и Претседателот на Владата за да биде тековно запознаван со целите кои се очекува да се постигнат.

Беше предложено оваа работна група да одржи свој состанок следната среда, 24 јули, 2020 г. а во меѓувреме да се направи меѓусебна размена на материјали за подготвено да се искористи уште првата средба. Генерално, оваа работна група би дискутирала за

децентрализација во областите на социјалната заштита, културата, пазарна инспекција, земјоделското земјиште, јавниот ред и мир и сообраќај, обезбедување на соодветни финансиски приходи за општините, давање можност за искористување на компаративните предности на општините итн.

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС за членови во работната група која ќе биде формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија заради продолжување на процесот на децентрализација ги назначува следните лица:

1. Петре ШИЛЕГОВ, градоначалник на Град Скопје
2. Висар ГАНИУ, градоначалник на општина ЧАИР
3. Аце КОЦЕВСКИ, градоначалник на општина ВЕЛЕС

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор на ЗЕЛС предлага првата седница на оваа работна група да се одржи во среда, 17 јули, 2019 г. во просториите на ЗЕЛС.

**Скопје, 11 јули, 2019 г.**

**Составил:**
**Стручна служба на ЗЕЛС**